# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ








ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА





# МИСИЈА

Основната мисија и стремеж на АД ЕЛЕМ е зајакнување на позицијата на пазарот и промовирање на активната улога во доменот на производство на електрична енергија во регионот. За остварувањето на таа цел, одржувањето на постојните и континуиран развој и вложување во нови производствени капацитети се од суштинско значење.

Нашата мисија јасно се отсликува во колективната заложба за остварување на професионалните императиви - доистражување на домашните ресурси на јаглен, осовременување во управувањето со постојните и отворање нови јагленови лежишта, модернизација на производствените капацитети, инвестирање во обновливи извори и искористување на потенцијалите на енергијата на ветерот.

# НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ

**Професионалност**
**Посветеност**
**Почит за околината**
**Етичност**
**Одговорност**

# ВИЗИЈА

Ние ја гледаме иднината на Република Македонија како енергетски независна земја. Работиме и ќе работиме и во иднина, со цел да им се придружиме на современите и технолошки напредни земји во светот, да станеме дел од Европската Унија - слободна трговија со електрична енергија, според директивите на ЕУ. Се залагаме за либерализација, зголемување на конкуренцијата и за раздвижување на сите чинители во електроенергетскиот сектор. Само на тој начин можеме да обезбедиме средства за развој и да ги поттикнеме инвестициите во енергетиката, со кои директно ќе зајакне домашната економија.

Гледаме кон иднината и креираме светли перспективи. Континуираната едукација и усовршување на вработените преку разновидни обуки, тренинзи и семинари е клуч за одлично обучени професионални кадри. Стимулираме нов иновативен пристап во работењето, поттикнувајќи ги своите луѓе за разработка на нови, алтернативни начини за поефикасно и поисплатливо искористување на постојните ресурси.



# РЕЗУЛТАТИ ВО 2008

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2008

| Финансиски резултат | МКД | ЕУР |
|---|---|---|
| Вкупен приход | 12.197.897.517,00 | 198.339.797,02 |
| Вкупен расход | 12.418.083.532,00 | 201.920.057,43 |
| Загуба | -220.186.015,00 | -3.580.260,41 |

## ОСТВАРЕНА ПРОДАЖБА ВО 2008

| КУПУВАЧ | | ЈАНУАРИ | ФЕВРУАРИ | МАРТ | АПРИЛ | МАЈ | ЈУНИ | ЈУЛИ | АВГУСТ | СЕПТЕМВРИ | ОКТОМВРИ | НОЕМВРИ | ДЕКЕМВРИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МЕПСО | [kWh] | 589.383.184 | 546.756.813 | 511.403.655 | 470.926.741 | 354.066.142 | 317.628.939 | 373.170.286 | 376.695.930 | 68.321.813 | 32.375.178 | 12.985.839 | 27.313.035 | 3.681.027.555 |
| | [денари] | 766.198.139 | 710.783.857 | 664.824.752 | 612.204.764 | 460.285.985 | 412.917.620 | 485.121.372 | 489.704.709 | 95.985.145 | 55.494.292 | 25.587.297 | 53.817.605 | 4.832.925.537 |
| МЕПСО системски услуги | [денари] | | | | | | | | | | | 28.994.977 | 29.785.749 | 58.780.726 |
| ЕВН (05.09-31.12.2008) | [kWh] | / | / | / | / | / | / | / | / | 380.872.407 | 481.831.110 | 563.019.909 | 659.115.982 | 2.084.839.408 |
| | [денари] | / | / | / | / | / | / | / | / | 763.687.332 | 984.741.078 | 1.350.061.046 | 1.559.217.048 | 4.657.706.504 |
| ВИШОЦИ | [kWh] | / | / | / | / | / | / | / | / | 1.585.000 | 4.860.000 | 12.718.000 | 2.772.000 | 21.935.000 |
| | [денари] | / | / | / | / | / | / | / | / | 3.653.329 | 12.647.089 | 29.983.864 | 6.046.815 | 52.331.097 |
| ЖТП | [kWh] | | | | | | | | | 1.666.590 | 2.105.690 | 1.917.227 | 1.863.787 | 7.553.294 |
| | [денари] | | | | | | | | | 5.998.933 | 6.240.692 | 6.309.656 | 4.691.015 | 23.240.296 |
| ТЕЦ НЕГОТИНО | [kWh] | | | | | | | | | 16.570 | 216.840 | 245.160 | 353.690 | 832.260 |
| | [денари] | | | | | | | | | 37.714 | 477.730 | 614.584 | 885.242 | 2.015.270 |
| Влезни фактури за ЕНЕРГЕТИКА | [kWh] | 6.367.598 | 5.574.448 | 5.854.514 | 5.031.811 | 4.936.243 | 5.216.819 | 5.589.200 | 5.533.166 | 5.288.165 | 4.356.668 | 3.754.671 | 4.742.981 | 62.246.284 |
| | [денари] | 17.729.382 | 16.467.700 | 14.750.454 | 13.862.715 | 12.726.675 | 13.306.923 | 13.948.400 | 13.563.889 | 13.100.423 | 12.070.937 | 12.010.784 | 14.750.046 | 168.288.328 |
| **ВКУПНО** | [kWh] | **595.750.782** | **552.331.261** | **517.258.169** | **475.958.552** | **359.002.385** | **322.845.758** | **378.759.486** | **382.229.096** | **457.750.545** | **525.745.486** | **594.640.806** | **696.161.475** | **5.858.433.801** |
| | [денари] | **783.927.521** | **727.251.557** | **679.575.206** | **626.067.479** | **473.012.660** | **426.224.543** | **499.069.772** | **503.268.598** | **882.462.876** | **1.071.671.818** | **1.453.562.208** | **1.669.193.520** | **9.795.287.758** |

## ПРОИЗВОДСТВЕНИ РЕЗУЛТАТИ - ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНО/ОСТВАРЕНО

| ПРОИЗВОДСТВЕНИ РЕЗУЛТАТИ 2008 | Планирано производство GWh | Остварено производство GWh | Индекс Остварено/Планирано |
|---|---|---|---|
| Термоелектрани | 4781.0 | 4877.3 | 102.0% |
| Битола 1 | 1435.0 | 1,357.0 | 94.6% |
| Битола 2 | 1441.0 | 1,530.1 | 106.2% |
| Битола 3 | 1302.0 | 1,328.9 | 102.1% |
| Осломеј | 603.0 | 661.4 | 109.7% |
| Хидроелектрани | 1254.0 | 738.0 | 58.9% |
| Вруток | 376.0 | 250.0 | 66.5% |
| Равен | 39.0 | 28.8 | 73.9% |
| Врбен | 39.0 | 34.4 | 88.1% |
| Шпилје | 300.0 | 182.0 | 60.7% |
| Глобочица | 185.0 | 120.2 | 65.0% |
| Тиквеш | 143.0 | 55.1 | 38.6% |
| Козјак | 172.0 | 67.4 | 39.2% |
| **ВКУПНО** | **6035.0** | **5615.4** | **93.0%** |

## ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ИНВЕСТИЦИСКИ АКТИВНОСТИ ВО 2008

во 000 денари

| Инвестициски активности во: | Вкупно планирани инвестициски активности | Реализација на инвестициски активности | Обем на инвестициски активности (%) |
|---|---|---|---|
| Дирекција | 505.177 | 17.397 | 3,4% |
| Сект. за развој и инв. | 316.508 | 10.292 | 3,3% |
| Сект. за произ. на ел. енергија | 180.382 | 6.423 | 3,6% |
| Сект. за фин.работи | 600 | 207 | 34,5% |
| Сект за пр. и опш. работи | 5.826 | 191 | 3,3% |
| Сектор за комерц. работи | 1.861 | 284 | 15,2% |
| Вкупно производни подружници | 9.144.107 | 1.586.171 | 17,3% |
| Вкупно хидроелектрани | 1.678.901 | 587.333 | 35,0% |
| ХЕЦ Маврово | 239.093 | 35.503 | 14,8% |
| ХЕЦ Шпилје | 82.110 | 14.278 | 17,4% |
| ХЕЦ Глобочица | 14.326 | 179 | 1,2% |
| ХЕЦ Тиквеш | 29.421 | 5.396 | 18,3% |
| ХЕЦ Треска - ХЕЦ Козјак и ХЕЦ Св. Петка (во изградба) | 1.313.951 | 531.977 | 40,5% |
| Вкупно термоелектрани | 7.465.206 | 998.837 | 13,4% |
| РЕК Битола | 5.439.174 | 934.113 | 17,2% |
| РЕК Осломеј | 225.920 | 56.245 | 24,9% |
| Енергетика | 1.800.112 | 8.480 | 0,5% |
| **Вкупно** | **9.649.285** | **1.603.567** | **16,6%** |

## СТРУКТУРА НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ИНВЕСТИЦИСКИ АКТИВНОСТИ ВО 2008

во 000 денари

| Инвестициска активност во: | РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИСКИ АКТИВНОСТИ | | | | Вкупна реализација на инвестиц. актив. |
|---|---|---|---|---|---|
| | Нови инвест. активн. | Реконстр. и ревитал. | Инв. техн. докум. | Набавка на опрема | |
| Дирекција | 6.275 | 0 | 10.292 | 829 | 17.397 |
| Вкупно производни подружници | 879.332 | 17.343 | 4.957 | 684.539 | 1.586.171 |
| Вкупно хидроелектрани | 550.639 | 16.462 | 2.676 | 17.556 | 587.333 |
| ХЕЦ Маврово | 11.568 | 11.818 | 854 | 11.264 | 35.503 |
| ХЕЦ Шпилје | 12.047 | 18 | 0 | 2.213 | 14.278 |
| ХЕЦ Глобочица | 0 | 0 | 0 | 179 | 179 |
| ХЕЦ Тиквеш | 0 | 4.626 | 670 | 100 | 5.396 |
| ХЕЦ Треска - ХЕЦ Козјак и ХЕЦ Св.Петка во изградба | 527.025 | 0 | 1.152 | 3.8 | 531.977 |
| Вкупно термоелектрани | 328.692 | 881 | 2.281 | 666.983 | 998.837 |
| РЕК Битола | 276.443 | 0 | 1.125 | 656.545 | 934.113 |
| РЕК Осломеј | 45.477 | 0 | 1.028 | 9.770 | 56.245 |
| Енергетика | 6.772 | 881 | 128 | 698 | 8.479 |
| **Вкупно** | **885.607** | **17.343** | **15.249** | **685.368** | **1.603.567** |





# НАЈЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ЗА АД ЕЛЕМ ВО 2008 ГОДИНА

## МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ТУРБОАГРЕГАТИТЕ ВО „ЕНЕРГЕТИКА"

АД ЕЛЕМ во 2008 година ја заврши тендерската процедура за избор на фирма-изведувач за реконструкцијата и модернизацијата на турбоагрегатите во производствениот капацитет „Енергетика" во скопската населба Железара. Во план е инвестиција од над 2,7 милиони евра за модернизација на двете турбини изградени во 60-тите години на минатиот век, кои одамна не се во употреба. Тие ќе работат во когенеративен режим и комбинирано ќе произведуваат електрична и топлинска енергија.

Предвидено е да работат на природен гас со што значително ќе се намалат трошоците за производство на топлинска енергија и ќе се зголеми ефикасноста на агрегатите за производство на електрична енергија.

Со реализацијата на овој проект ќе се добие речиси 30 MW нова инсталирана моќност за потребите на електроенергетскиот систем на Република Македонија. Во план е подружницата „Енергетика" да произведува годишно до 160 GW/h електрична енергија со истовремена можност за производство до 200 GW/h топлинска енергија.

## РЕКОРДНИ РЕЗУЛТАТИ ВО РЕК „ОСЛОМЕЈ"

По дислокацијата на коритото на реката Темница, рудникот на РЕК „Осломеј" работеше и на остварување на планското производство за изминатата година. Во отежнати околности, со максимално ангажирање на вработените, рудникот не само што го оствари планираното производство на јаглен од 1.020.000 тони туку и го надмина за 13,4%, односно произведе 1.156.439 тони јаглен. Изминатата година термоелектраната работеше непрекинато над 165 дена и 16 часа, што претставува рекорд во непрекинато работење од постоењето на комбинатот. Во 2008 година, ТЕ „Осломеј" работеше 7.183 часа и произведе и предаде 667.810 MWh електрична енергија, надминувајќи го за 10,7% планираното производство од 603.000 MWh. Со тоа го достигна третото најголемо производство во 28-годишното работење на комбинатот.

## РЕКОНСТРУИРАН 35KV ДАЛНОВОД ВРУТОК- ВРБЕН

Изминатата година приоритет на ХЕЦ „Маврово" и еден од поголемите инвестициски зафати беше реконструкцијата на 35kV далновод Вруток – Врбен. Со ревитализацијата на далноводот беше комплетно променета неговата овесна опрема. Беа заменети критичните, дотраени делови, како и дел од јажето од далноводот. Голем дел од дијагоналите и винклите

на столбовите недостасуваа, па беа поставени нови. Оштетените конзоли на столбовите беа сменети, со што заврши првата фаза на ревитализација на далноводот. Според динамиката на работата, предвидена е втора фаза во која ќе се смени целиот спроводник, односно јажето на далноводот, како и громобранското јаже со интегрирани оптички влакна.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ISO 9001:2000

За имплементација на системот за управување со квалитет според барањата на стандардот ISO 9001:2000, АД ЕЛЕМ склучи договор за ангажирање и користење консултантски услуги со фирмата МАККОНТРОЛ од Скопје. Целта на овој договор е давање консултантски услуги за имплементација на системот за управување со квалитет според барањата на ISO 9001:2000 и сертификација на истиот од меѓународно независно акредитирано сертификационо тело. За таа цел се формирани работни тимови што вршат координација на активностите на ниво на организациски делови. Подготовката на системот за управување со квалитет е во последната фаза од реализацијата. Се работи за финални процедури, затоа што сме пред процес на сертификација. Целта на пишување и примена на процедурите е да се овозможи секоја работна акција која периодично се повторува во сите подружници да се извршува на ист начин и со тоа да се обезбеди постојан квалитет на крајниот производ.

## ПОТПИШАН НОВ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР

Во изминатиот период се усвоија повеќе измени на закони што ги регулираат правата и обврските на работниците и работодавците, по што се јави потреба од усогласување на Колективниот договор со новите законски решенија. Предлогот на Колективен договор на АД ЕЛЕМ беше разгледан од Управниот одбор на Друштвото и од Собранието на Синдикалната организација и беше прифатен и потпишан од двете страни. Со Колективниот договор се уредени правата и обврските на потписниците, правилата со кои се уредуваат склучувањето, содржината и престанокот на работниот однос и други прашања од работните односи или во врска со работните односи. Правните норми во овој договор се применуваат непосредно и се задолжителни за работодавецот АД ЕЛЕМ и за работниците што се во работен однос со Друштвото.

## ВОВЕДУВАМЕ БИЗНИС-ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ

АД ЕЛЕМ воведува модерен, централизиран систем во форма на БИС. Процесот на примена на еден таков глобален систем ги опфаќа сите аспекти на работењето. Спроведуваме обемна анализа на работењето во компанијата и подготвуваме техничка спецификација која ќе успее да ја поткрепи оваа анализа. Потоа ќе следува ревизија на техничката спецификација за поефикасно извршување на некои бизнис-процеси. Во 2008 година се спроведе процедурата за избор на консултант за подготовка на техничката документација и имплементација на бизнис-информатичкиот систем на АД ЕЛЕМ. Во постапката учествуваа пет компании од кои четири ги задоволуваа сите критериуми од јавниот повик. Изборот беше извршен врз основа на економски најповолната понуда и критериумите за квалитет утврдени во согласност со потребите на АД ЕЛЕМ и новите трендови во светот од оваа област. Консултантот ги подготвува техничката спецификација и целокупната тендерска документација за набавка на сите елементи за воведувањето на БИС во АД ЕЛЕМ. Следуваат избор и примена на бизнис-информатичкиот систем, што претставува долготраен и сложен процес, во кој ќе бидат вклучени потенцијалите на нашата компанија, екипата на консултантот и носителот на проектот - набавувачот на софтверското решение.

## ЗАВРШИ МОНТАЖАТА НА НОВИОТ САМООДЕН ТРАНСПОРТЕР

Заврши монтажата на новиот самооден транспортер, бандваген БРс 1.800/37 + 39х16,5 наменет за прием на јаловина, јаглен или друг материјал, негов транспорт и истовар на системските транспортери со гумени ленти. Брзината на транспортот на оваа рударска машина е 6 метри во минута, максималниот капацитет е 5.500 кубни метри јаловина на час, брзината на движење на транспортните ленти е 5,2 метри во секунда, неговата вкупна тежина изнесува 670 тони, а цената на изработка без вклучена монтажа е 5,4 милиони евра.
Бандвагенот беше монтиран квалитетно, стручно и навремено од страна на тим од стручни лица и работници од РЕК „Битола“ на монтажното плато во рудникот Суводол, под будното око на супервизорите на производителот на опремата Тиссен-Крупп.
Во монтажата на бандвагенот беше ангажирана и независна надворешна институција „Карго-Инспект“, која ги контролираше и испитуваше сите заварени споеви, челичната конструкција и антикорозивната заштита, според сите норми и светски стандарди за квалитет.
Оваа рударска машина, како дел од проектот „Брод-Гнеотино“, ќе има свој значаен придонес во обезбедувањето дополнителни 2 до 2,5 милиона тони јаглен годишно, за потребите на термоелектраните Битола, што ќе го продолжи векот на РЕК „Битола“ во наредните 20 до 25 години.

## СЕ ИНТЕНЗИВИРААТ АКТИВНОСТИТЕ НА НОВИОТ ПОВРШИНСКИ КОП БРОД-ГНЕОТИНО

На новиот површински коп Брод-Гнеотино, кој од минатата година почна да работи како дел од рудниците во РЕК „Битола“ интензивно се работи на откривањето на јагленот и на изградбата на потребната инфраструктура.
Во делот на производството засега работи само првиот БТО систем, кој со ископаните над 6.100.000 кубни метри цврста маса, ги овозможи неопходните претпоставки за откривање на количините јаглен планирани за оваа година.
Во тек е и монтажата на рударските машини што треба да го формираат вториот БТО систем, кој треба да почне да работи до крајот на летото наредната година.
Истовремено се одвива изградбата на рудничката инфраструктура, која опфаќа изградба на шест рударски бараки, магацински простор, работнички ресторан, бензинска станица, амбуланта, голем паркинг-простор и неопходното хортикултурно уредување на просторот околу објектите, со што новиот рудник ќе го добие својот конечен изглед.
Новиот површински коп Брод-Гнеотино, со експлоатацијата на јагленот од подинските серии на рудникот Суводол, ќе го продолжи векот на работа на РЕК „Битола“ во наредните 20 до 25 години.

## МОДЕРНИЗАЦИЈА НА АГРЕГАТИТЕ НА ТЕ „БИТОЛА“

Распишавме меѓународен јавен повик за модернизација на нашите најголеми производствени капацитети за електрична енергија, ТЕ „Битола“, кои работат во состав на РЕК „Битола“, со цел да се зголеми нивната функционалност. Јавниот повик ќе биде во две фази, со претквалификација и е делив на два ЛОТ-а, ЛОТ 1 –турбини и генератори и ЛОТ 2 – котловски постројки.
Со ова се предвидува модернизирање на проточниот дел на турбините на агрегатите на ТЕ „Битола“, поединечните склопови на генераторите, системот за вибродијагностички мониторинг на турбоагрегатите , системот за водење на енергетските блокови, како и ревитализација и модернизација на цевните системи на котлите, резервни делови за напојните и циркулационите пумпи со нивна автоматизација.
Модернизацијата ќе овозможи зголемување на моќноста на секој агрегат поединечно и подобрување на степенот на корисно дејство, односно произведување на големо количество електрична енергија без зголемување на специфичната потрошувачка на јаглен.









# ПОРАКА ОД ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР

Почитувани,

Уште една календарска година е зад нас, која по многу нешта можам да ја оценам како успешен период од работењето на АД ЕЛЕМ. Ова беше година на важни достигнувања, но и година исполнета со предизвици за различни сегменти од компанијата. Успехот во 2008 година е резултат на заедничкото напорно работење на нашиот посветен и професионален тим, сите вработени и деловни партнери, и на нашите постојани заложби за подобрување на квалитетот и на перформансите на компанијата.

Оваа година ќе биде запишана во корпоративната историја како година на рекордно производство во РЕК „Осломеј", податок за гордост, пофалба, но и поттик за следни вакви остварувања и во другите наши капацитети. Во насока на зајакнување на електроенергетскиот сектор, преку меѓународен јавен повик избравме изведувач, кој до крајот на 2009 година треба да ги реконструира двата турбоагрегата во подружницата „Енергетика". Овој мошне значаен зафат ќе го засили македонскиот електроенергетски систем за 30 MW инсталирана моќност, а во капацитетот „Енергетика" ќе обезбеди комбинирано производство на топлинска и на електрична енергија.
Изминатата година приоритет на ХЕЦ „Маврово" и еден од поголемите инвестициски зафати беше реконструкцијата на 35kV далновод Вруток – Врбен. Со ревитализацијата на далноводот беше комплетно променета неговата овесна опрема.

Заради унапредување на целокупниот работен процес во нашата компанија, почнавме да го применуваме системот за управување со квалитет според барањата на стандардот ISO 9001:2000. Целта на пишување и примена на процедурите е да се овозможи секоја работна акција што се повторува периодично во сите подружници да се извршува на ист начин и со тоа да се обезбеди постојан квалитет на крајниот производ.

Интегрираме модерен, централизиран систем во форма на бизнис-информативен систем. Процесот на имплементација на еден таков глобален систем ги опфаќа сите аспекти на работењето. Спроведовме обемна анализа на работењето во компанијата, а следува избор и примена на бизнис-информатичкиот систем, што претставува долготраен и сложен процес во кој ќе бидат вклучени потенцијалите на нашата компанија, екипата на консултантот и носителот на проектот - набавувачот на софтверското решение.

Заклучокот за нашата работа во 2008 година е јасен и недвосмислен: работевме солидно и во согласност со потребите на електроенергетскиот систем на земјава и со техничко-технолошките можности на објектите. Во 2009 година и во годините што следуваат продолжуваме со долгорочните коорпоративни заложби и планови. Убеден сум дека оваа успешна година ќе биде поттик за уште поголеми производствени резултати на сите вработени на АД ЕЛЕМ и во наредниот период.





# КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

АД "Електрани на Македонија" во државна сопственост - Скопје со Одлука на Владата на Република Македонија бр. 19-2626/1 од 30.6.2005 година за реструктуирање на "Електростопанство на Македонија - формира Акционерско друштво за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија", со издвојување и основање ново друштво за производство на електрична енергија.

Владата на Република Македонија на 29.8.2005 година усвои Статут на Акционерското друштво „Електрани на Македонија" во државна сопственост -Скопје, со кој се утврдија фирмата, седиштето, предметот на работење, износот на основната главнина, номиналната вредност на акциите, правата и обврските на Собранието, Управниот и Надзорниот одбор, организацијата на Друштвото и други одредби што се од значење за работењето на Друштвото. Друштвото е запишано во Централниот регистар на Република Македонија на 9.9.2005 година, а скратениот назив на Друштвото е АД ЕЛЕМ - Скопје.

Правата и обврските на Собранието на Друштвото ги регулира Владата на Република Македонија, која одлучува за прашања исклучиво определени со закон и со Статутот на Друштвото.

Според Законот за трговските друштва, управувањето во Друштвото е организирано според двостепен систем, Управен одбор и Надзорен одбор. Управниот одбор се состои од седум члена, кои ги избира Надзорниот одбор. Со Одлуката за избор на членови на Управниот одбор еден од членовите се назначува за претседател на Управниот одбор, а другите членови се назначуваат за водење определени области од работењето со кои се задолжени. Сите членови на Управниот одбор заедно ги водат и ги вршат работите што се во надлежност на Управниот одбор, а со претходно одобрение на Надзорниот одбор, Управниот одбор одлучува за прашања што се децидно посочени во Законот за трговските друштва и Статутот на АД ЕЛЕМ - Скопје.

Управниот одбор управува со Друштвото, ја утврдува деловната политика на Друштвото, ги донесува програмите и плановите за производство на електрична енергија, инвестициските активности, финансиските планови, нормативните акти на Друштвото и решава за сите други прашања што не се во надлежност на Собранието и на Надзорниот одбор.



## ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР СЕ:

**Д-р Влатко Чингоски**, дипл.ел.инж. - претседател на Управниот одбор со назив генерален директор;
**Асан Јакупи**, дипл.економ.- член на Управниот одбор со назив заменик на генералниот директор;
**Владимир Огњановски**, дипл.правник - член на Управниот одбор со назив директор за правни и општи работи;
**Димитар Танурков**, дипл.маш.инж. - член на Управниот одбор со назив директор за производство на електрична енергија;
**Јасна Иванова-Давидови**ќ, дипл.град.инж. - член на Управниот одбор со назив директор за развој и инвестиции;
**Слави▯а ▯есова**, дипл.економ. - член на Управниот одбор со назив директор за финансиски работи;
**Коста Папастеревски**, дипл.ел.инж. - член на Управниот одбор со назив директор за комерцијални работи.

Управниот одбор во 2008 година одлучуваше за повеќе прашања од значење за работењето на Друштвото и донесе повеќе одлуки како што се:

- Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот годишен попис за 2007 година;
- Одлука за усвојување годишна сметка и финансиски извештај за работењето на Друштвото за 2007 година;
- Предлог-одлука за распоредување на добивката остварена по годишната сметка за 2007 година;
- Одлука за почнување постапка за поведување преговори за склучување договор за заем за површинскиот коп Брод–Гнеотино;
- Одлука за почнување постапка за поведување преговори за склучување договор за заем за ревитализација на хидроцентралите - II фаза;
- Одлука за давање согласност за поднесување барање за зголемување на цената на топлинската енергија;
- Одлука за усвојување на книгата за брендот на АД ЕЛЕМ - Скопје;
- Одлука за усвојување Годишен извештај за остварените резултати од работењето за 2007 година; - Предлог-одлука за изменување на дополнување на Статутот;
- Одлука за продолжување на постапката за продажба на ДУТ "Молика" ДООЕЛ – Битола и ДУТ "Крушино 96" ДООЕЛ – Кичево и Сепарација ДООЕЛ - Осломеј;
- Одлука за определување цена на технолошка пареа и напојна вода во подружница "Енергетика" – Скопје;
- Предлог за ценовник-тарифа за утврдување цени на топлинска енергија по групи на корисници за подружница "Енергетика" – Скопје за регулиран период;
- Одлука за донесување ценовник за услуги;
- Одлука за давање согласност за поднесување барање за одобрување цена и приход за произведена електрична енергија;
- Одлука за донесување правила за продажба на вишоци електрична моќност и енергија;
- Одлука за донесување правила за продажба на вишоци електрична моќност и енергија во текот на еден или повеќе денови;
- Одлука за зголемување на платите на работниците;
- Одлука за прифаќање на Предлог-колективен договор;
- Одлука за определување тарифни ставови за електрична енергија и можност за испорачување на тарифните потрошувачи директно приклучени на преносната мрежа, кои вршат дејност од јавен интерес;
- Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на годишна сметка и финансиски извештаи за 2008 година;
- Одлука за донесување план за производство на електрична енергија за 2009 година;
- Одлука за донесување финансиски план за 2009 година;
- Одлука за донесување годишна инвестициска програма за 2009 година;
- Одлука за донесување план за јавни набавки за 2009 година;
- Одлука за поништување меѓународен јавен повик со претквалификација за продажба на ДУТ "Крушино 96" – Кичево и други одлуки во врска со поднесени приговори од работници и одлуки потребни за тековното работење на Друштвото.

Управниот одбор и Синдикалната организација на АД ЕЛЕМ, како учесник во колективното договарање, на 25.11.2008 година склучија и потпишаа Колективен договор на Друштвото и усвоија повеќе измени и дополнувања на Правилникот за внатрешна организација на Друштвото.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО

Организациски делови на Друштвото се Дирекцијата и осум подружници, кои немаат својство на правно лице. Дирекцијата е со седиште во Скопје, а подружници се РЕК Битола - Новаци со седиште во Новаци, РЕК Осломеј - Осломеј со седиште во Осломеј, ХЕЦ Маврово - Гостивар со седиште во Гостивар, ХЕЦ Глобочица - Струга со седиште во Струга, ХЕЦ Шпиље - Дебар со седиште во Дебар, ХЕЦ Треска - Скопје со седиште во Скопје, ХЕЦ Тиквеш - Кавадарци со седиште во Кавадарци и Енергетика - Скопје со седиште во Скопје.
Со секоја подружница раководи директор, односно директори, кои ги назначува Управниот одбор, чии надлежности се утврдени во Статутот на Друштвото.
Со правилникот за внатрешна организација поконкретно е уредена внатрешната организација на Друштвото по сектори, служби, одделенија со работни места и опис на работните задачи за секое работно место.

## ОСНОВНА ГЛАВНИНА

Основната главнина на Друштвото изнесува 31.738.878.000 денари или 517.818.006 евра според средниот курс на Народна банка на Р. Македонија. Основната главнина на Друштвото е поделена на 31.738.878 обични акции со номинална вредност од 1.000 денари.

## ВРАБОТЕНИ И КВАЛИФИКАЦИСКА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ

Во АД ЕЛЕМ - Скопје, со состојба на 31.12. 2008 година има 4.033 работници, од кои во подружниците РЕК Битола - Новаци 2.340, во РЕК Осломеј - Осломеј 681, во ХЕЦ Маврово - Гостивар 365, во ХЕЦ Глобочица - Струга 115, во ХЕЦ Шпиље - Дебар 74, во ХЕЦ Тиквеш - Кавадарци 82, во ХЕЦ Треска - Скопје 108, во Енергетика - Скопје 149 и во Дирекција 119 работници. Од вкупниот број на работници, со VIII степен на стручна подготовка има 5 работници, со VII/2 степен - 22 работници, со VII/1 степен - 429, со VI степен - 199, со V степен - 152, со IV степен - 1.486, со III степен - 1.049, со II степен - 389 и со I степен - 302 работници.

## ДРУШТВА ОСНОВАНИ ОД АД ЕЛЕМ - СКОПЈЕ

Со поделбата на „Електростопанство на Македонија", деветте ДООЕЛ-и основани од поранешното АД ЕСМ му припаднаа на АД ЕЛЕМ - Скопје. Управниот одбор на АД ЕЛЕМ - Скопје донесе одлука за промена на називот на основачот и наместо АД ЕСМ, основач на сите ДООЕЛ-и стана АД ЕЛЕМ. Промената е запишана во Централниот регистар на Република Македонија.
АД ЕЛЕМ - Скопје е основач на следните ДООЕЛ-и:

1. Друштво за угостителство и туризам "Молика" ДООЕЛ – Битола, АД ЕЛЕМ - Скопје;
2. Друштво за угостителство и туризам "Крушино 96" ДООЕЛ - Кичево, АД ЕЛЕМ - Скопје;
3. Друштво за угостителство и туризам "Попова Шапка" ДООЕЛ - Тетово, АД ЕЛЕМ - Скопје;
4. Фабрика за производство на кварц, градежни материјали и услуги "Сепарација" ДООЕЛ Осломеј, АД ЕЛЕМ - Скопје;
5. Друштво за суви трансформатори "Светлина 2001" ДООЕЛ - Куманово, АД ЕЛЕМ - Скопје;
6. Фабрика за опрема и делови ФОД ДООЕЛ - Новаци, АД ЕЛЕМ - Скопје;
7. Фабрика за одржување, ремонт и транспорт ФОРТ ДООЕЛ - Осломеј, АД ЕЛЕМ - Скопје;
8. Ресторан за општествена исхрана РОИ ДООЕЛ -Осломеј, АД ЕЛЕМ - Скопје;
9. Ресторан за општествена исхрана и сместување РОИСДООЕЛ - Новаци, АД ЕЛЕМ - Скопје.

Поради лошите финансиски резултати на поголем дел од ДООЕЛ-ите и долгогодишното покривање на загубите од АД ЕЛЕМ, а по препорака на Владата на Република Македонија, почната е постапка за продажба на уделите во ДООЕЛ "Молика" - Битола, ДООЕЛ "Крушино 96" - Кичево, „Сепарација" ДООЕЛ - Осломеј, а ќе следува постапка за продажба и на другите ДООЕЛ-и. За ДООЕЛ-ите РОИС и РОИ оваа година ќе се распишат огласи за издавање под закуп.



# ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА ЕНЕРГЕТСКИОТ СЕКТОР

АД ЕЛЕМ се залага за целосна либерализација на пазарот на електрична енергија во Македонија и активно работи на отворање на пазарот за сите потрошувачи на електрична енергија. Досега Република Македонија го потпиша Атинскиот меморандум во 2002 година и Договорот за енергетска заедница во 2005 година за создавање интегриран регионален пазар на електрична енергија во Југоисточна Европа. Од 1 јануари 2008 година потрошувачите кои користат околу 30 % од вкупната електрична енергија во Македонија беа слободни да го изберат својот снабдувач. Наредни чекори се да се обезбеди внатрешно отворање на пазарот за сите потрошувачи, вклучувајќи ги и домаќинствата до јануари 2015 (целосна либерализација). ЕЛЕМ се залага и за формирање берза на електрична енергија и за привлекување странски и приватни инвеститори како неопходност за конкуренција на производството.

# ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЕЛЕМ

Насоката на енергетското развивање на Македонија има големо влијание врз националниот економски раст, заштитата на околината и врз животниот стандард на граѓаните. Поради општествениот карактер на енергијата, која со години се смета за јавно богатство, до кое има лесен пристап (најчесто и со владини субвенции), е создадена слика на пристапот до изобилство енергија како извесно право на граѓанинот, што доведува до неефикасност во користењето на енергијата.

Неефикасноста е изразена во сите сектори, вклучувајќи го и самиот процес на производство на електрична енергија. Во процесот на производство на електрична енергија неефикасноста се лоцира во процесот на согорување на горивото, но и во загуби на енергија во самите електрани како резултат на нискиот степен на ефикасност на делови од опремата. Според согледувањата на светско ниво (World Energy Council), во просек 8% од загубата на енергија во процесот на нејзиното производство се должи на несовршености на опремата и водењето на процесот. Овој процент може значително да се намали со примена на енергетски ефикасни мерки.

Со преземање мерки за енергетска ефикасност ќе се ублажи зависноста на домашната економија од увозната енергија и енергенси, ќе се продолжи векот на домашните резерви и ќе се одложи потребата за инвестирање во нова енергетска инфраструктура. Сето тоа со пониски оперативни трошоци и со значителни позитивни еколошки ефекти.

По дефиниција, енергетската ефикасност значи дека со помала потрошувачка на енергија може да се изврши истата услуга или активност. Поради тоа, со примена на мерките за енергетска ефикасност се менува стандардно познатата релација дека економскиот раст мора да оди паралелно со зголемена потрошувачка на енергија. Енергетската ефикасност овозможува користење на енергетските ресурси на подолг рок.

АД ЕЛЕМ во континуитет вложува во проекти за подобрување на енергетската ефикасност, вклучувајќи реконструкција и ревитализација на постојните капацитети заради унапредување на технолошките решенија и рационална потрошувачка на енергија. Вложените пари се враќаат преку остварените заштеди на енергија. Со подобрување на енергетската ефикасност се придонесува за намалување на емисијата на штетни гасови како и отпад во околината. Во 2008 година најзначајни проекти што се засновуваат на концепцијата на енергетски ефикасни технологии се следните:

## • МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ТЕ БИТОЛА

Проектот опфаќа реконструкција на турбоагрегатите на секој блок и модернизација на системите за мониторинг и автоматизација заради зголемување на

вкупната ефикасност на процесот, кое е еквивалентно на инсталиран дополнителен капацитет од 3x7,2MW.
Со реализација на проектот ќе се остварат следните бенефити:

- Зголемено производство на електрична енергија за 147,2 GWh/годишно;
- Потрошувачката на јаглен не се зголемува за сметка на зголеменото производство на електрична енергија;
- Намалување на емисијата на штетни гасови и отпад, еквивалентно на 223.038 CER /годишно.

АД ЕЛЕМ во септември 2008 година објави јавен повик за избор на најповолен понудувач за модернизација на агрегатите во ТЕ Битола, според моделот клуч на рака.

## • ГАСНА ЕЛЕКТРАНА СО ИНСТАЛИРАН КАПАЦИТЕТ ОД 300 MW ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И 150 MW ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

Се планира изградба на гасна електрана со комбиниран циклус за производство на електрична и топлинска енергија на просторот на подружница „Енергетика" во кругот на Железарница за да се искористи постојната инфраструктура. Електраната има коефициент на ефикасност од над 50 %, што ја категоризира во енергетски ефикасни технологии и е прва од овој тип во Македонија. Како гориво ќе користи природен гас.
Бенефити:

- Годишно производство на 2000 GWh електрична енергија и до 500 GWh топлинска енергија;
- Висок степен на ефикасност на електраната. За споредба, класични електрани со исто гориво имаат ефикасност до 38%;
- Намалување на емисијата на штетни гасови и отпад, еквивалентно на 938.790 CER/годишно.

АД ЕЛЕМ во септември 2008 година објави јавен повик за избор на партнер за заедничко вложување со АД ЕЛЕМ, изградба и работно користење на комбинирана гасна електрана Енергетика.
И двата проекта се во согласност со Механизмот за чист развој (CDM) на Протоколот од Кјото, според кој се придонесува за одржлив развој во земјите надвор од Анекс I, преку инвестирање во еколошки сигурни технологии и know-how.

## • РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТУРБОАГРЕГАТИ 2x15MW ВО ПОДРУЖНИЦА „ЕНЕРГЕТИКА"

За да се искористат сите капацитети за производство на електрична енергија и, во прв план, да се поевтини производството на топлинската енергија за греење, се пристапи кон идејата за реконструкција на постојните турбоагрегати во топлификациски режим, како и нивна ревитализација и воведување електронска регулација.
Концепцијата на комбинирано производство на електрична и топлинска енергија е енергетски ефикасна технологија и е во согласност со критериумите и условите на CDM проектите.
Придобивки:

- Нов производствен капацитет на електрична енергија (160 GWh/годишно), при што особено е значајно дека е на теренот на Железара, каде што е концентриран и значителен конзум, т.е. дистрибутивните загуби ќе бидат минимални. Последново секако е поврзано и со фактот дека АД ЕЛЕМ има лиценци за дистрибуција и снабдување со електрична енергија на тоа подрачје;
- Производство на топлинска енергија за греење и технолошка пареа со пониски оперативни трошоци, т.е пониска регулирана цена, што исклучително поволно ќе се одрази на крајните корисници, т.е. на стандардот на граѓаните. На овој начин може да се обезбеди целокупната топлинска енергија потребна за крајните корисници, која сега е околу 50 GWh во сезона.

Во 2008 година е потпишан договор со изведувачот АЛСТОМ од Хрватска за комплетна изведба на работите - од проектирање, реконструкција и ревитализација до пуштање во пробен погон.
Паралелно со примената на мерките за енергетска ефикасност се фаворизира и инвестирање и истражување во обновливи извори (хидропотенцијал и енергија на ветерот), а во согласност со директивите на ЕУ според кои во 2020 година 20% од вкупно произведената енергија на земјите-членки мора да потекнува од обновливи извори. Токму затоа, еден од принципите на Националната стратегија за развој е да се произведат корисни форми на енергија со минимална потрошувачка на примарна енергија.
Освен континуираните истражувања на нови обновливи извори, АД ЕЛЕМ вложува и во проекти за ревитализација на постојните хидроенергетски објекти, при што со воведување мерки за енергетска ефикасност се овозможува порационално производство и користење на ресурсите на подолг рок.

## • РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ХИДРОЕЛЕКТРАНИ – II ФАЗА

Со оглед на фактот дека од хидропотенцијалот се обезбедуваат 15-20% од вкупното производство на електрична енергија во АД ЕЛЕМ, со примена на пакет-мерки за енергетска ефикасност се постигнува значителен финансиски бенефит. Со првата фаза од проектот за ревитализација, кој е целосно завршен, е постигнато зголемување на ефикасноста на хидроелектраните за 12,1%. Што се однесува до втората фаза, подготвена е физибилити-студија, а инвестицијата ќе биде реализирана во периодот 2010-2012 година.
Со ревитализацијата се опфатени ХЕЦ Глобочица, ХЕЦ Маврово, ХЕЦ Шпилје и ХЕЦ Тиквеш.
Придобивки:

- Зголемување на производствениот капацитет на обновливата електрична енергија во македонскиот електроенергетски систем и намалување на емисиите на $SO_2$, $NO_x$ и $CO_2$ од термоелектраните, кои би се користеле кога не би постоел проектот. Тоа помага за зголемување на сигурноста за снабдување со енергија со зголемување на можноста ревитализираните хидроелектрични централи да обезбедуваат електрична енергија во време на максимална потрошувачка, како и регулација на фреквенцијата;
- Проектот ќе ја намали зависноста на Македонија од увезените фосилни горива и ќе има позитивно влијание на балансот на надворешната трговија на земјата.
- Зголемување на доверливоста и надлежноста на производството на електрична енергија од хидроцентралите;
- Намалување на трошоците за одржување и експлоатација;
- Модернизација на системите за регулација;
- Ефикасно користење на ресурсите.





# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА АД„ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА„ – СКОПЈЕ ЗА 2008 ГОДИНА

Во извештајот се посочени основните показатели за производството на електрична енергија од АД ЕЛЕМ во 2008 година.

# РЕЗУЛТАТИ

| ПРОИЗВОДСТВЕНИ РЕЗУЛТАТИ 2008 | Планирано производство GWh | Остварено производство GWh | Индекс Остварено/Планирано |
|---|---|---|---|
| **Термоелектрани** | **4.781,0** | **4.877,3** | **102,0%** |
| Битола 1 | 1.435,0 | 1.357,0 | 94,6% |
| Битола 2 | 1.441,0 | 1.530,1 | 106,2% |
| Битола 3 | 1.302,0 | 1.328,9 | 102,1% |
| Осломеј | 603,0 | 661,4 | 109,7% |
| **Хидроелектрани** | **1.254,0** | **738,0** | **58,9%** |
| Вруток | 376,0 | 250,0 | 66,5% |
| Равен | 39,0 | 28,8 | 73,9% |
| Врбен | 39,0 | 34,4 | 88,1% |
| Шпилје | 300,0 | 182,0 | 60,7% |
| Глобочица | 185,0 | 120,2 | 65,0% |
| Тиквеш | 143,0 | 55,1 | 38,6% |
| Козјак | 172,0 | 67,4 | 39,2% |
| **ВКУПНО** | **6.035,0** | **5.615,4** | **93,0%** |

Според електроенергетскиот биланс за 2008 година, АД ЕЛЕМ има остварено 5.615,4 GWh (93,0 %) од планираното производство и тоа термоелектраните имаат остварено 2 % поголемо производство од планираното, а хидроелектраните имаат произведено 41,1 % помалку од планираното што се должи на намалените дотеци и лошата хидролошка состојба на акумулациите.

# СТРУКТУРА НА ЕЛЕМ

## ТЕРМОЕЛЕКТРАНИ

Термоелектраните се приоритетни во електроенергетскиот систем на Македонија. Најголем термокапацитет е Битола, со своите три блока Битола 1, 2 и 3, од по 225 MW. Тие покриваат 80% од производството на електрична енергија во нашата земја. Јагленот со просечна калоричност од 8.079 kJ/kg е основно гориво во РЕК Битола. Во составот на термосистемот во Македонија припаѓа и РЕК Осломеј, со инсталирана моќност на блокот од 125MW и просечно годишно нето-производство од 400 GWh. Јагленот со просечна калоричност од 7.600 kJ/kg е основно гориво и во РЕК Осломеј.

| ТЕРМО-ЕЛЕКТРАНИ | Инсталирана моќност | Нето-производство | Година на пуштање | Работни часови | Основно гориво | Енергетска вредност на гориво |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | MW | GWh | | h | | kJ/kg |
| Битола 1 | 225 | 1.357,0 | 1982 | 7147:18:00 | Јаглен | 8.079 |
| Битола 2 | 225 | 1.530,1 | 1984 | 7823:45:00 | Јаглен | 8.079 |
| Битола 3 | 225 | 1.328,9 | 1988 | 7298:55:00 | Јаглен | 8.079 |
| Осломеј | 125 | 661,4 | 1980 | 7183:01:00 | Јаглен | 7.600 |
| **ВКУПНО** | **800** | **4.877,3** | | | | |




## ХИДРОЕЛЕКТРАНИ

Вкупната инсталираност на хидрокапацитетите изнесува 528,4 MW, односно 40% од вкупните капацитетите на АД ЕЛЕМ. Во АД ЕЛЕМ има седум хидроелектрани, од кои две проточни - Равен и Врбен и пет акумулациони - Вруток, Шпилје, Глобочица, Тиквеш, Козјак. Од вкупното производство на електрична енергија во АД ЕЛЕМ хидропроизводството обезбедува околу 17%, и тоа, пред се, за задоволување на дневните варијации на потрошувачката на електрична енергија и за обезбедување на системските услуги за регулација, со што се постигнува поголема флексибилност и расположивост на електроенергетскиот систем.



Во ТЕ Битола, ТЕ Осломеј и во подружницата Енергетика континуирано се мерат емисиите во воздух и количините на отпадни води.

При експлоатација на земјиштето во двата рудника се деградираат земјиштето и растителниот свет. За таа цел се врши пошумување, озеленување, засадување земјоделски култури, формирање рекреативни центри.

Во РЕК Битола во 2008 година се засадени 5.000 едногодишни багремови садници за Денот на дрвото, кои се произведени во расадникот во кругот на комбинатот.

Годишната концентрација на штетни материи е прикажана на следната табела:

| | | РЕК Битола | РЕК Осломеј | Енергетика |
|---|---|---|---|---|
| SO2 | Т | 49.094 | 16.014 | |
| CO | Т | 647 | 818 | 0,09158 |
| NOx | Т | 14.140 | 2.677 | 0,09158 |
| CO2 | Т | 7.057.135 | 1.273.947 | 0,0059 |
| Прашина | Т | 6.673 | 1.170 | |
| Пепел | Т | 1.031.161 | 215.102 | |
| Згура | Т | 71.614 | | |

Во РЕК Битола количините на отпадна вода од хемиско-технолошка служба во 2008 година изнесува 23.835 м3. Анализите на отпадните води се вршат во самата ТЕ и тоа три пати годишно. Анализите се вршат со познати титрациски стандардни методи, спектрофотометриски, фотометриски, графиметриски и со соодветни хемиски анализатори за специфична спроводливост и мерење на pH.

Во РЕК Осломеј во 2008 година количините на отпадните води изнесуваат 718.300 т.

### РУДНИЦИ

Во рамките на студијата "Инвестициони можности во енергетскиот сектор" изработена преку Програмата ФАРЕ, е проценето влијанието на животната средина на површинскиот коп Суводол, понатамошните ископи и експлоатација на локацијата и идното отворање на наоѓалиштата Брод-Гнеотино и Живојно. Предложениот акционен план за животната средина вклучува:
• Нацрт-план за олеснување со општи процедури за минимизирање на еколошките влијанија за сите фази, од истражување до употреба на земјиштето. Се препорачува имплементација на еколошки мена□мент систем;
• План за еколошки менаџмент за управување и изведување на еколошкиот акционен план, преку основање на административна структура од експерти кои ќе вршат надзор на еколошкиот дел од проектот, како и координација со властите и изведувачите со што ќе се обезбеди адекватна безбедност и обука. Важно прашање претставува редовното планирање, испитување и евалуација на еколошкиот акционен план;
• Мониторинг план со опис на еколошките мерки за олеснување и основање средства и планови за контрола, како и мониторинг активности за евидентирање на резидуалните влијанија и евалуација на прелиминарните и финалните ефекти на еколошкиот акционен план, како и приспособување на истиот.

Во рамките на реализација на проектот површински коп Брод-Гнеотино, изработена е Студија за процена на влијанието на животната средина, во чии рамки се содржани предлог мерки за избегнување и минимизирање на влијанието.

Во двата рударско-енергетски комбината изработена е план-програма за реализација на заштита на животната средина, за период до 2014 година, која ги опфаќа следниве активности:

• Спречување на распрашувањето на одлагалишта за пепел со употреба на течни средства;
• Рекултивација на ПК и одлагалишта за пепел и јаловина;
• Градење посебна депонија за опасни материи;
• Оформување санитарна заштитна зона со високостеблеста шума;
• Чистење од рециклирачки отпад;
• Изградба на заштитен базен за буриња со употребено моторно масло;
• Намалување на самозапалување на депонија на јаглен;
• Намалување на фугитивна емисија на јагленова прашина во депонија за јаглен;
• Прскање со адитиви на пресипни места на надбункерски дел;
• Намалување на емисија на прашина со кондиционирање излезни гасови од котел;
• Десулфуризација ;
• Реконструкција на електрофилтер.

### ХИДРОЕЛЕКТРАНИ

Во подружницата ХЕ Глобочица работи Служба за техничко набљудување и одржување брани и други градежни објекти во АД ЕЛЕМ за да се обезбеди рационална и ефикасна контрола на сигурноста и стабилноста и навремена интервенција на истите. Службата подготвува годишни елаборати врз основа на годишен план за техничко набљудување, а во согласност со меѓународните препораки на ICOLD (Меѓународна комисија за големи брани) за техничко набљудување на големите брани.

АД ЕЛЕМ изработи елаборат за оценка на влијанието врз животната средина, а во рамките на проектот за ревитализација на шесте големи хидроцентрали: ХЕ Вруток, ХЕ Равен и ХЕ Врбен, ХЕ Глобочица, ХЕ Шпиље и ХЕ Тиквеш.

Нема загадување на воздухот, опремата е по меѓународните стандарди за минимална бучава и надвор од електраните нема бучава од работата на турбините. Нема загадување на водата и на почвата. Нема изградба на нови објекти, ниту нова инфраструктура.

За целокупната стара опрема - нетоксични и нерадиоактивни метали (во најголем дел челик и бакар) - е склучен договор и е пренесена во отпад, каде што подоцна е извршено рециклирање.

Наносот во акумулациите е проверуван повеќепати во текот на експлоатација на објектите од страна на РХМЗ - Скопје.

Според годишниот план во подружниците се вршат редовни визуелни прегледи по обиколен пат околу акумулациите како и обиколка со чамец за проверка на бреговите на акумулациите, состојбата на наносот и повремени чистења на бреговите од разни отпадоци.

Во акумулациите Маврово, Тиквеш, Шпиље, Глобочица и Козјак редовно се мери нивото, а и мерења за дотеците и истеците на вода.

Просечен месечен дотек во акумулацијата во m3/sec - 2008 год.

| ХЕ | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Годишен просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Маврово | 3,974 | 3,456 | 10,361 | 20,067 | 16,257 | 7,884 | 1,761 | 1,041 | 0,859 | 1,902 | 2,216 | 13,211 | **6,916** |
| Тиквеш | 10,79 | 13,12 | 15,37 | 16,34 | 10,50 | 12,25 | 0,87 | 1,47 | 2,18 | 7,10 | 23,83 | 21,69 | **11,29** |
| Шпилје | 37,42 | 26,57 | 43,69 | 60,73 | 49,29 | 22,99 | 18,17 | 16,36 | 14,96 | 19,2 | 16,25 | 51,15 | **31,40** |
| Глобочица | 22,42 | 17,45 | 20,43 | 22,06 | 26,53 | 10,95 | 10,97 | 11,27 | 6,88 | 14,19 | 9,27 | 18,83 | **15,94** |
| Козјак | 12,91 | 10,53 | 14,20 | 18,75 | 13,26 | 7,46 | 3,51 | 2,30 | 3,58 | 4,92 | 4,95 | 18,01 | **9,53** |

Просечен месечен истек во акумулацијата во m3/sec – 2008 год.

| ХЕ | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Годишен просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Маврово | 10,818 | 8,107 | 5,796 | 5,137 | 8,902 | 2,194 | 15,627 | 4,244 | 6,525 | 16,951 | 6,875 | 6,637 | **8,236** |
| Тиквеш | 13,16 | 5,48 | 17,43 | 8,95 | 0,22 | 6,24 | 1,94 | 0,44 | 16,42 | 11,72 | 31,55 | 26,52 | **11,67** |
| Шпилје | 43,75 | 39,48 | 41,55 | 41,97 | 29,00 | 12,62 | 22,83 | 23,84 | 51,33 | 14,60 | 21,68 | 29,55 | **31,02** |
| Глобочица | 22,58 | 16,95 | 20,68 | 24,03 | 24,32 | 11,19 | 11,55 | 11,13 | 7,85 | 13,15 | 9,10 | 19,68 | **16,01** |
| Козјак | 29,22 | 22,58 | 0,08 | 2,11 | 7,39 | 4,27 | 5,76 | 5,00 | 13,18 | 10,57 | 10,53 | 6,07 | **9,73** |

Просечно месечно ниво на акумулацијата во метри надморска височина – 2008 год.

| ХЕ | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Маврово | 1.211,9 | 1.209,9 | 1.208,5 | 1.210,3 | 1.214,7 | 1.216,4 | 1.217,7 | 1.217,1 | 1.216,0 | 1.214,5 | 1.213,1 | 1.212,0 |
| Тиквеш | 254,24 | 254,80 | 255,40 | 256,75 | 257,19 | 258,30 | 257,50 | 256,02 | 253,62 | 250,94 | 249,24 | 247,50 |
| Шпилје | 570,56 | 569,02 | 566,02 | 566,60 | 571,02 | 575,78 | 578,04 | 577,00 | 575,26 | 566,86 | 567,98 | 566,70 |
| Глобочица | 686,28 | 685,82 | 685,96 | 685,61 | 686,44 | 686,73 | 686,61 | 686,48 | 686,16 | 686,56 | 686,23 | 686,40 |
| Козјак | 447,54 | 443,04 | 439,64 | 443,86 | 448,23 | 449,73 | 450,50 | 449,96 | 449,28 | 446,86 | 445,36 | 443,82 |





# ОПШТЕСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ НА КОМПАНИЈАТА

## МОЖНОСТ ЗА ДОБРОВОЛНО ЗАМИНУВАЊЕ ВО ПЕНЗИЈА

Во тек сме со развојот на модерни концепции на организација во компаниите, свесни сме за човечките ресурси и значењето на квалитетниот кадар за успехот на компанијата. Заложбата за воведување нова организациска поставеност во АД ЕЛЕМ, подмладување на работниот кадар, како и подобрување на финансиската состојба на Друштвото придонесе Управниот одбор на нашата компанија да донесе Одлука за доброволно престанување на работниот однос на вработените што сакаат да заминат во пензија. Со Одлуката се утврдуваат критериуми за раскинување на договорите, со склучување писмена спогодба помеѓу работникот и Друштвото. Критериумите за раскинување на договорите за вработување се работниот стаж на работникот во Друштвото и надвор од него. На работниците што сакаат да ги раскинат договорите за вработување со склучување писмена спогодба според критериумот им се нуди исплата на една плата од последната плата на работникот за секоја година работен стаж поминат надвор од Друштвото, која не може да биде поголема од 500 евра во денарска противвредност, и исплата на една и пол плата од последната плата на работникот за секоја година работен стаж во Друштвото, која не може да биде поголема од 750 евра во денарска противвредност. За спроведување на оваа одлука објавивме Оглас за пријавување на сите заинтересирани работници што сакаат да им престане работниот однос преку склучување писмена спогодба.

## РЕК БИТОЛА ПОДНЕСЕ БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ А–ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

РЕК Битола го достави своето барање за добивање А-интегрирана еколошка дозвола, што практично значи дека до 2014 година треба својата оперативна програма да ја усогласи со законските одредби во земјава и со тие од европската регулатива. Комбинатот во наредните седум години треба да се подготви за доследна примена на европските еколошки стандарди во производството на електрична енергија за да го намали негативното влијание врз животната средина.
Ова барање, заедно со елаборатот, е доставено до Министерството за животна средина, кое по разгледувањето треба да даде одредени сугестии и во наредниот период да ја следи имплементацијата на програмата според доставениот термин-план.

Сите резултати што ги добиваме од мерните станици во РЕК „Битола“ редовно покажуваат дека загадувањето на околината што го врши овој капацитет е помало од максимално дозволеното, кое е регулирано со законите во Република Македонија.

## ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО ПОРИБЕНО СО МЛАДИ ЈАГУЛИ

Со изградбата на хидроцентралите „Глобочица“ и „Шпиље“ на реката Црн Дрим, физички беше прекинат природниот пат на јагулата, која се мрести во Саргаското Море. Како општествено одговорна компанија, АД ЕЛЕМ редовно донира средства за порибување на Охридското Езерото. Порибувањето со јагула се врши секоја година. Кон средината на летото беа пуштени 750 килограми подмладок на јагула, што е двојно повеќе од лани. За таа цел во мај АД ЕЛЕМ распиша меѓународен јавен повик за набавка на подмладок од јагула. По спроведената постапка, беа набавени околу 33 илјади парчиња подмладок млади јагули, од затворено мрестилиште во Грција. По едномесечниот карантин во рибниците на мрестилиштето „Шум“ кај Струга 33.000 млади јагули запливаа во водите на Охридското Езеро.

## ОД НАС ЗА ДЕЦАТА

Во пресрет на Новата година за да ги направиме среќни децата со пречки во развојот од Специјалниот завод во Демир Капија, АД ЕЛЕМ донира 150.000 денари за новогодишни пакетчиња. Мал и симболичен гест на нашата компанија, кој предизвика грст насмевки и задоволни лица кај децата.
Со сигурност ваквите хуманитарни акции ќе продолжат и во иднина и ќе станат традиција на заедничко задоволство на сите, а најмногу на децата.
АД ЕЛЕМ е и ќе остане пријател на сите, а најмногу одговорен општествено социјален партнер во сите сфери на живеењето. Со тоа докажуваме и ја оправдуваме девизата „Една успешна компанија е најуспешна кога успехот е поделен со другите“.





# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ-СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД 1–12 2008 ГОДИНА

АД Електрани на Македонија – Скопје за период 1-12 2008 година ги оствари следните финансиски резултати од работењето:

### I. ОСТВАРЕНИ ЕКОНОМСКО - ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

#### А) ОСТВАРЕН ВКУПЕН ПРИХОД

Вкупниот приход на АД Електрани на Македонија остварен по сите основи за период 1-12 2008 година изнесува 12.197.897.517 денари, што споредено со планираниот приход за истиот период во 2008 година бележи зголемување од 35%, а споредено со истиот период 2007 година бележи зголемување од 20% **(прилог Табела број 1/4К).**

Остварениот вкупен приход е составен од:

| | |
|---|---|
| - произведена електрична енергија | 8.289.732.583 денари |
| - приход од одобрени технички загуби | 589.933.210 денари |
| - произведена електрична енергија за сопствени потреби | 816.312.520 денари |
| - приход од системски услуги | 58.780.726 денари |
| - приход од продадени вишоци електрична енергија | 52.330.719 денари |
| - приход од технички загуби над одобрените за АД ЕВН | 644.918.548 денари |
| - камата за електрична енергија | 403.129.582 денари |
| - продадена електрична енергија од подружница „Енергетика" | 162.431.788 денари |
| - услуга за снабдување со ел. енергија | 67.627.075 денари |
| - топлинска енергија (подружница „Енергетика") | 79.060.405 денари |
| - камата од топлинска енергија | 1.816.986 денари |
| - технолошка пареа и напојна вода | 229.631.883 денари |
| - споредна дејност **(прилог Табела број 2/4К)** | 276.104.746 денари |
| - приходи по други основи **(прилог Табела број 2/4К)** | 526.086.746 денари |



Од групата на приходи ги презентираме :
- Произведена електрична енергија, која е фактурирана на АД МЕПСО и остварен приход од 4.668.360.581 денари до 5.9.2008 година.
- Според измените на Законот за енергетиката „Службен весник на РМ" - 106 од 27.8.2008 година од произведена електрична енергија испорачана на АД ЕВН е остварен приход од 3.621.372.002 денари од 5.9.2008 година до 31.12.2008 година.
- Приход од одобрени технички загуби од 589.933.210 денари.
- Сопствена електрична енергија 583.999.594 кWh се употребува за сопствени потреби, ја искажуваме како приход од 816.312.520 денари.
- Приход од системски услуги од 58.780.726 денари.
- Приход од продажба на вишоци електрична енергија на домашен пазар од 41.339.873 денари и приход од продажба на вишоци електрична енергија на странски пазар од 10.990.846 денари или вкупно 52.330.719 денари.
- Приход од технички загуби над одобрените од 644.918.548 денари.
- Камата за испорачана електрична енергија од 401.989.976 денари и камата за испорачана електрична енергија од подружница Енергетика од 1.139.606 денари или вкупно 403.129.582 денари.
- Продадена електрична енергија од подружница Енергетика од 162.431.788 денари.
- Снабдување со електрична енергија од подружница Енергетика за Макстил, Митал Стил CRM, Митал Стил HRM и Скопски легури како услуга за користење на далноводите и трафостаниците од 67.627.075 денари.
- Топлинска енергија испорачана од подружница Енергетика од 79.060.405 денари.
- Камата од топлинска енергија од подружница Енергетика од 1.816.986 денари.
- Испорачана технолошка пареа и напојна вода од подружница Енергетика од 229.631.883 денари.
- Од споредна дејност од подружниците како продажба на пепел, вршење услуги, прилив од огласи, услуги од одморалиште, техничко набљудување на брани и друго е остварен приход од 276.104.746 денари.
- Приход по други основи како позитивни курсни разлики, наплатени штети, приходи од поранешни години, приходи од наемнини и друго од 526.086.746 денари. Приходот по други основи е многу висок бидејќи позитивните курсни разлики во ХЕЦ Треска по кредитот од Кинеска банка изнесуваат 180.011.140 денари поради курсот на доларот.

## Б) ОСТВАРЕНИ ВКУПНИ РАСХОДИ

Во период I-XII 2008 година расходите на АД Електрани на Македонија изнесуваат 12.418.083.532 денари, што во споредба со планираните расходи за 2008 година бележат зголемување од 18 %, а во споредба со истиот период 2007 година бележат зголемување од 24% (прилог Табела број 1/4К).

**Остварениот вкупен расход е составен од:**

| | |
|---|---|
| - амортизација | 1.704.005.156 денари |
| - концесија | 76.919.402 денари |
| - инвестициско одржување | 578.671.519 денари |
| - тековно одржување | 1.712.233.271 денари |
| - трошок од сопствена потрошувачка на ел. енергија | 816.312.520 денари |
| - гориво | 738.634.883 денари |
| - отпепелување на рудниците | 131.993.581 денари |
| - откоп на јаглен и јаловина | 508.728.404 денари |
| - набавна вредност на продадени стоки | 1.854.568.832 денари |
| - премии за осигурување | 234.099.670 денари |
| - камати за кредити и доставувачи | 271.076.494 денари |
| - бруто-плати | 2.130.534.493 денари |
| - други лични примања (превоз, исхрана, регрес, јубилејни награди, отпремнина за пензија и др.) | 264.037.740 денари |
| - даноци, придонеси што не зависат од резултатот | 159.492.675 денари |
| - други трошоци (прилог Табела број 3/4К) | 1.194.132.316 денари |




Од групата на расходи како најголеми ги презентираме:

- Амортизацијата изнесува 1.704.005.156 денари и е пресметана според номенклатурата на средства за амортизација во Република Македонија и во споредба со истиот период минатата година бележи намалување од 5%. Ова намалување е поради староста на опремата, бидејќи дел од средствата, иако се целосно амортизирани, сè уште се во употреба.
- Концесијата изнесува 76.919.402 денари за овој период и во споредба со истиот период минатата година бележи зголемување од 186% поради промените во Законот за концесијата. Преземена е иницијатива за раскинување на Договорот за концесија.
- Трошоците за инвестициско одржување изнесуваат 578.671.519 денари во 2008 година и во споредба со планираните бележат зголемување од 60%, а во споредба со истиот период 2007 година бележи зголемување од 50%.
- Трошоците за тековно одржување во 2008 година изнесуваат 1.712.233.271 денари и во споредба со планираните трошоци бележи зголемување од 21%, а во споредба со истиот период лани бележат зголемување од 34%.
- Сопствената потрошена електрична енергија од 816.312.520 денари ја искажуваме како трошок во работењето и бележи зголемување од 11 % во споредба со истиот период 2007 година и зголемување од 9% во споредба со планираниот период 2008 година.
- Потрошеното гориво потребно за производствениот процес бележи зголемување од 21% во споредба со планираното, а во споредба со оствареното во 2007 година бележи зголемување од 42 %, пред се, поради зголемување на цените на енергенсите и слабиот квалитет на ископаниот јаглен.
- Трошокот за отпепелување на рудниците бележи намалување од 29% во споредба со 2007 година, а во споредба со планираното бележи намалување од 31%.
- Трошокот за дисконтинуирана откривка на јаглен и услуги за механизација за откоп бележи минимално зголемување во споредба со планираното од 1 %, а во споредба со оствареното 2007 година бележи зголемување од 15 %.
- Трошокот за набавна вредност на продадени стоки изнесува 1.854.568.832 денари и во споредба со истиот период 2007 година е зголемен за 275%. Ова зголемување се должи на трошокот од 1.656.416.701 денари за увоз на електрична енергија согласно измените на Законот за енергетиката. Трошокот за набавена електрична енергија за „Енергетика" изнесува 133.449.544 денари и во споредба со истиот период минатата година е намален за 71% бидејќи од мај 2007 година не набавуваме ел. енергија за Макстил, Митал Стил CRM, Митал Стил HRM и Скопски легури. За овие друштва пресметуваме услуга за снабдување со електрична енергија и ја искажуваме на приходната страна во билансот.
- Премиите за осигурување изнесуваат 234.099.670 денари, кои споредени со остварените во 2007 година се намалени за 30%.
- Трошокот за камати по кредити и доставувачи изнесува 271.076.494 денари, кои споредени со планираните се намалени за 28 %, а во споредба со остварените во 2007 година се намалени за 42 %. Намалувањето се должи на примената на меѓународни сметководствени стандарди.
- Каматите по кредитните обврски кон Кинеска банка и CWE од 100.853.255 денари се пресметани како трошок според МСС во 2007 година, а се платени во почетокот на јануари 2008 година.
- Бруто-платите за период 1-12 2008 година изнесуваат 2.130.534.493 денари и во споредба со истиот период 2007 година се зголемени за 6%.
- Другите трошоци изнесуваат 1.236.774.892 денари, што претставува зголемување од 1 % во споредба со планираниот период, а во споредба со остварениот период 2007 година бележи зголеменото од 29 %.
Ова зголемување се должи на трошокот за пренесена електрична енергија од 368.339.682 денари според измените на Законот за енергетиката и негативните курсни разлики од 295.770.548 денари. Други поголеми ставки од другите трошоци се: потрошена вода потребна за термоцентралите, која е набавена од Стрежево и Студенчица, услуги за изработка и доработка, кои се добиени од ФОД и ФОРТ, реклама, репрезентација, дотации, авторски хонорари и трошоци за вработените преку Агенции за вработување (Табела број 3/4К)

## В) ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

АД Електрани на Македонија за период 1-12 2008 година оствари негативен финансиски резултат од -220.186.015 денари (прилог Табела број 1/4К).
Според изменетиот член 484 став 2 од Законот за трговските друштва од 23 јули 2008 година загубата од работењето ќе се покрие од акумулираната добивка.

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупен приход** | **12.197.897.517,00** | **денари** |
| **Вкупни расходи** | **12.418.083.532,00** | **денари** |
| **Загуба** | **-220.186.015,00** | **денари** |




## II. ЗАЛИХИ

Залихите со состојба заклучно со 31.12.2008 година изнесуваат 2.887.350.409 денари од кои:

- 258.295.574 денари се залихи на суровини и материјали;
- 2.595.397.497 денари се залихи на резервни делови;
- 33.657.338 денари се залихи на ситен инвентар.

Залихите во споредба со истиот период од претходната година бележат зголемување од 39%.
Залихата на недовршеното производство (ископан јаглен) на 31.12.2007 година изнесува 90.845.058 денари, а залихата на недовршеното производство (ископан јаглен) на 31.12.2008 година изнесува 178.019.764 денари, што претставува зголемување од 87.174.706 денари или 96%

## III. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИТЕ




Краткорочните побарувања од купувачите се во износ од 11.097.869.036 денари и тоа:

| | |
|---|---|
| 1. Побарување за испорачана електрична енергија (АД МЕПСО) | 1.632.663.142 ден. |
| 2. Камати по основа на неплатена ел. енергија (АД МЕПСО) | 1.041.709.405 ден. |
| 3. Побарување за испорачана ел. енергија (АД ЕВН) | 2.196.035.271 ден. |
| 4. Побарување од „Енергетика" за електрична енергија | 21.661.902 ден. |
| 5. Побарување од купувачи од „Енергетика" за електрична енергија | 64.809.764 ден. |
| 6. Камати за електрична енергија од „Енергетика" | 6.939.674 ден. |
| 7. Побарување од „Енергетика" за топлинска енергија | 56.866.575 ден. |
| 8. Камати за топлинска енергија од „Енергетика" | 4.205.250 ден. |
| 9. Спорни побарувања од „Енергетика" | 30.748.652 ден. |
| 10. Побарување од купувачи (РЕК Битола, РЕК Осломеј, Дирекција и други подружници) | 218.692.391 ден. |
| 11. Побарувања од АД ЕВН со делбен биланс од 31.08.2005 год. | 5.823.537.010 ден. |

За побарувањата од АД ЕВН со делбен биланс од 31.08.2005 година се води судски процес.

Побарувањата споредени со 31.12.2007 година бележат зголемување од 7%.

Ненаплатените побарувања создаваат проблеми во работењето на компанијата, пред сè, во :
- Неможност од редовно плаќање на обврските кон доставувачите.
- Изложеноста од ризици од добивање камати поради нередовно плаќање.
- Неможност од исполнување на планираните инвестициони активности зацртани во развојните планови на компанијата.
- Тешкотии во сервисирање на обврските кон странски кредити.

## IV. ОБВРСКИ

### 1. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

Вкупните долгорочни обврски на АД ЕЛЕМ по основа на добиени кредити заклучно со 31.12.2008 година изнесуваат: основица 7.041.533.639 денари, камати 1.730.322.336 денари или вкупно 8.771.855.975 денари и тоа за:

| | | (Последен ануитет) |
|---|---|---|
| **ХЕЦ КОЗЈАК** | 2.447.403.655 денари | |
| - Кинеска банка | 2.351.905.371 денари | 07. 07. 2013 |
| - CWE Кина | 95.498.284 денари | 15. 07. 2013 |
| **ХЕЦ СВЕТА ПЕТКА** | | |
| - Депфа банка | 2.520.214.692 денари | 14. 10. 2021 |
| **ДИРЕКЦИЈА** | 2.073.915.292 денари | |
| - Светска банка (ИБРД) бр.4284 | 1.205.732.979 денари | 15. 02. 2017 |
| - Стопанска банка (Тисен Круп) (кредит за Брод Гнеотино) | 212.137.642 денари | 01. 01. 2013 |
| - KFW банка Германија (Ман Такраф) | 656.044.671 денари | 01. 12. 2018 |

Обврски што се платени кон странство заклучно со 31.12.2008 година се во висина од 963.140.159 денари.

| | |
|---|---|
| - Светска банка | 197.110.530 денари |
| - Кинеска банка | 576.966.848 денари |
| - CWE Кина | 24.996.396 денари |
| - Стопанска банка (Тисен Круп) | 69.109.878 денари |
| - Депфа банка | 94.956.507 денари |

### 2. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

Краткорочните обврски изнесуваат 2.272.672.716 денари:

| | |
|---|---|
| а) Обврски кон добавувачи во земјата | 2.233.278.146 денари |
| - Обврски за доставувачи за постојани средства | 43.126.826 денари |
| - Обврски за доставувачи за обртни средства | 1.082.266.145 денари |
| - Доставувачи – заедничка набавка | 875.549.312 денари |
| - Доставувачи заедничка набавка-инвестиции | 110.852.256 денари |
| - Други краткорочни обврски | 121.483.607 денари |
| б) Обврски кон доставувачи во странство | 39.394.570 денари |




Краткорочните обврски од 2008 година во споредба со минатата година, кога изнесувале 2.270.407.065 денари се исти.
За подобрување на проблемот со ликвидноста од страна на раководството на АД ЕЛЕМ се преземаат активности за решавање на вакввата состојба.
Со решавањето на проблемот со неликвидноста би се создале услови за подобар финансиски резултат во работењето и можност за развој на компанијата.



# ПРИЛОЗИ

ТАБЕЛА 1/4К

## ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА АД ЕЛЕМ
Период 1.1.2008 - 31.12.2008

во денари

| Р. бр | ЕЛЕМЕНТИ | Остварено I-XII.2007 | Планирано I-XII.2008 | Остварено I-XII.2008 | Инд 5/3 | Инд 5/4 | Учество |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **ПРИХОДИ** | | | | | | |
| 1 | Приходи од регулирана дејност | 7.640.273.033 | 7.800.000.000 | 9.754.759.039 | 128 | 125 | 0,00 |
| - | приход од произведена ел. енергија | 6.902.341.610 | 7.049.276.220 | 8.289.732.583 | 120 | 118 | 67,96 |
| - | приход од одобрени технички загуби | 0 | 0 | 589.933.210 | 0 | 0 | 4,84 |
| - | приход од сопствена ел. енергија | 737.931.423 | 750.723.780 | 816.312.520 | 111 | 109 | 6,69 |
| - | приход од системски услуги | 0 | 0 | 58.780.726 | 0 | 0 | 0,48 |
| 2 | Приходи од нерегулирана дејност | 0 | 0 | 697.249.267 | 0 | 0 | 0,00 |
| - | приход од продадени вишоци на ел.енергија | 0 | 0 | 52.330.719 | 0 | 0 | 0,43 |
| - | приход од технички загуби над одобрените | 0 | 0 | 644.918.548 | 0 | 0 | 5,29 |
| 3 | Приход од камати за ел. енергија | 581.033.936 | 49.890.780 | 403.129.582 | 69 | 808 | 3,30 |
| 4 | Приход од продадена ел. енергија („Енергетика“) | 466.339.872 | 160.000.000 | 162.431.788 | 35 | 102 | 1,33 |
| 5 | Приход од услуга за снабдување со ел. енергија | 45.084.626 | 67.500.000 | 67.627.075 | 150 | 100 | 0,55 |
| 6 | Приход од топлинска енергија („Енергетика“) | 55.837.477 | 68.000.000 | 79.060.405 | 142 | 116 | 0,65 |
| 7 | Приход од камати за топлинска енергија | 4.095.128 | 1.000.000 | 1.816.986 | 44 | 182 | 0,01 |
| 8 | Приход од технолошка пареа и напојна вода | 273.529.266 | 226.500.000 | 229.631.883 | 84 | 101 | 1,88 |
| 9 | Приход од споредна дејност (Табела 2/4К) | 377.138.583 | 205.095.711 | 276.104.746 | 73 | 135 | 2,26 |
| 10 | Приход по други основи (Табела 2/4К) | 694.971.180 | 424.371.693 | 526.086.746 | 76 | 124 | 4,31 |
| | **I ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **10.138.303.101** | **9.002.358.184** | **12.197.897.517** | **120** | **135** | **100** |
| | **РАСХОДИ** | | | | | | |
| 1 | Амортизација | 1.791.874.026 | 1.875.935.960 | 1.704.005.156 | 95 | 91 | 13,72 |
| 2 | Концесија | 26.882.425 | 59.045.677 | 76.919.402 | 286 | 130 | 0,62 |
| 3 | Инвестиционо одржување | 384.662.943 | 362.022.558 | 578.671.519 | 150 | 160 | 4,66 |
| 4 | Тековно одржување | 1.276.182.713 | 1.418.456.159 | 1.712.233.271 | 134 | 121 | 13,79 |
| 5 | Трошок од сопствена потрош на ел.енер. | 737.931.423 | 750.723.780 | 816.312.520 | 111 | 109 | 6,57 |
| 6 | Гориво | 521.335.513 | 608.783.864 | 738.634.883 | 142 | 121 | 5,95 |
| 7 | Отпепелување на рудниците | 185.365.174 | 192.641.072 | 131.993.581 | 71 | 69 | 1,06 |
| 8 | Откоп на јаглен и јаловина | 441.224.143 | 505.800.000 | 508.728.404 | 115 | 101 | 4,10 |
| 9 | Набавна вредност на продадени стоки (електрична енергија) | 494.233.466 | 159.634.614 | 1.854.568.832 | 375 | 1.162 | 14,93 |
| 10 | Премии за осигурување | 335.226.490 | 281.334.728 | 234.099.670 | 70 | 83 | 1,89 |
| 11 | Камати по кредити и добавувачи | 463.568.288 | 378.291.270 | 271.076.494 | 58 | 72 | 2,18 |
| 12 | Бруто плати | 2.006.190.842 | 2.213.002.846 | 2.130.534.493 | 106 | 96 | 17,16 |
| 13 | Други лични примања (превоз, исхрана, регрес, јубилејни награди, отпремнина за пензија и др.) | 287.718.064 | 427.521.977 | 264.037.740 | 92 | 62 | 2,13 |
| 14 | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 129.823.607 | 106.867.946 | 159.492.675 | 123 | 149 | 1,28 |
| 15 | Останати трошоци (Табела 3/4К) | 959.071.931 | 1.223.433.032 | 1.236.774.892 | 129 | 101 | 9,96 |
| | **II ВКУПНИ РАСХОДИ** | **10.041.291.048** | **10.563.495.483** | **12.418.083.532** | **124** | **118** | **100** |
| | **(I - II) ДОБИВКА/ЗАГУБА** | 97.012.053 | -1.561.137.299 | -220.186.015 | | | |
| | **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ** | 70.859.272 | | | | | |
| | **ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **26.152.781** | | **-220.186.015** | | | |

ТАБЕЛА 2/4К

## П Р Е Г Л Е Д
## ПРИХОДИ ПО ДРУГИ ОСНОВИ НА АД ЕЛЕМ
## ПЕРИОД 1.1.2008-31.12.2008

во денари

| Приходи по други основи (реден број 10) се: | Остварено I-XII.2007 | Планирано I-XII.2008 | Остварено I-XII.2008 | Инд 4/2 | Инд 4/3 | Учество |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од продажба на производи и услуги | 2.780.776 | 1.230.266 | 6.551.300 | 236 | 533 | 1,25 |
| Приходи од наемнина | 4.032.798 | 4.600.120 | 3.481.491 | 86 | 76 | 0,66 |
| Приходи од употреба на сопствени стоки, услуги и материјали | 489.242 | 35.573 | 77.932.545 | 15.929 | 219.078 | 14,81 |
| Приходи од продажба на материјални, резервни делови, автогуми и др. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Приходи по основ на камати од работење со неповратни субјекти | 6.593.024 | 13.000.844 | 15.183.882 | 230 | 117 | 2,89 |
| Позитивни курсни разлики | 340.474.638 | 256.035.381 | 185.369.993 | 54 | 72 | 35,24 |
| Приходи од субвенција, дотација и други надоместоци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Приходи од даноци и придонеси | 94.075 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Приходи од продажба на постојани средства | 96.879 | 480.000 | 4.506 | 5 | 1 | 0,00 |
| Приходи од отпис на обврски и приход од вишоци | 50.731.681 | 0 | 54.505.796 | 107 | 0 | 10,36 |
| Приходи од наплатени пенали, награди и слично | 177.420 | 26.750 | 393.851 | 222 | 1.472 | 0,07 |
| Приходи од наплатени штети | 120.439.762 | 147.282.754 | 116.689.751 | 97 | 79 | 22,18 |
| Наплатени отпишани побарувања | 120.446.844 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Приходи од поранешни години | 46.349.062 | 1.239.395 | 4.318.644 | 9 | 348 | 0,82 |
| Други деловни приходи | 2.264.979 | 440.610 | 61.654.987 | 2.722 | 13.993 | 11,72 |
| ВКУПНО | 694.971.180 | 424.371.693 | 526.086.746 | 76 | 124 | 100 |

| Приход од споредна дејност(реден број 9) се: | Остварено I-XII.2007 | Планирано I-XII.2008 | Остварено I-XII.2008 | Инд 4/2 | Инд 4/3 | Учество |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Други приходи од продажба на производи-споредна дејност (пепел, тендери и друго) | 40.097.371 | 99.444.152 | 34.473.463 | 86 | 35 | 12,49 |
| Други приходи од вршење на услуги-споредна дејност (услуги за одморалишта, за механизација, работна рака, техничко набљудување на брана и друго) | 205.871.101 | 101.620.559 | 205.129.857 | 100 | 202 | 74,29 |
| Други приходи од продажба на стоки, ус-луги и друго | 131.170.111 | 4.031.000 | 36.501.426 | 28 | 906 | 13,22 |
| ВКУПНО | 377.138.583 | 205.095.711 | 276.104.746 | 73 | 135 | 100 |

ТАБЕЛА 3/4К

## П Р Е Г Л Е Д
## ДРУГИ ТРОШОЦИ НА АД ЕЛЕМ
## ПЕРИОД 1.1.2008 – 31.12.2008

| Останати трошоци (реден број 15) се: | Остварено I-XII.2007 | Планирано I-XII.2008 | Остварено I-XII.2008 | Инд 6/4 | Инд 6/5 | % Учество |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| Потрошена енергија | 9.886.520 | 10.646.314 | 9.465.157 | 96 | 89 | 0,77 |
| Потрошена вода за производство за електрична енергија | 112.716.938 | 114.933.209 | 131.996.303 | 117 | 115 | 10,67 |
| Трошок за пренесена електрична енергија | 0 | 0 | 368.339.682 | 0 | 0 | 29,78 |
| Транспортни услуги (телефони, пошта, интернет и др.) | 64.752.656 | 65.363.795 | 63.552.230 | 98 | 97 | 5,14 |
| Надворешни услуги за изработка и доработка на производи | 115.586.631 | 141.274.032 | 31.339.788 | 27 | 22 | 2,53 |
| Трошоци за саем | 5.360 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Наемнини - лизинг | 2.323.193 | 3.755.620 | 4.135.105 | 178 | 110 | 0,33 |
| Други услуги (комунални, научно истражување, заштита на работна средина, јавен склад, регистрација на возила, здравствени прегледи и друго) | 48.956.527 | 48.735.110 | 57.721.410 | 118 | 118 | 4,67 |
| Исправка на побарувања | 287.005.390 | 700.000.000 | 42.642.576 | 15 | 6 | 3,45 |
| Вредносно усогласување на залихите | 91.411 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | 12.377.670 | 10.678.291 | 11.306.461 | 91 | 106 | 0,91 |
| Трошоци за пропаганда, реклама, спонзорство и помош | 110.515.278 | 50.889.993 | 43.381.797 | 39 | 85 | 3,51 |
| Банкарски услуги | 9.220.518 | 21.742.877 | 12.952.360 | 140 | 60 | 1,05 |
| Други нематеријални трошоци | 118.764.939 | 94.200.336 | 161.193.698 | 136 | 171 | 13,03 |
| Неотпишана вредност на продадени основни средства | 227.605 | 215.486 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Кусоци | 36.657 | 65.000 | 52.004.765 | 141.869 | 80.007 | 4,20 |
| Казни, пенали, надомест на штети, денгуби | 4.152.025 | 6.298.607 | 1.660.443 | 40 | 26 | 0,13 |
| Дополнителни утврдени трошоци од поранешни години | 18.713.257 | 2.157.123 | 33.489.493 | 179 | 1.553 | 2,71 |
| Останати неспомнати трошоци и расходи од работата | 168.601 | 20.000 | 2.997.782 | 1.778 | 14.989 | 0,24 |
| Курсни разлики од работа со неповратни средства | 10.245.526 | 10.110.057 | 295.770.548 | 2.887 | 2.926 | 23,91 |
| Разлика на залиха на недовршено производство | 33.325.229 | -57.652.818 | -87.174.706 | -262 | 151 | -7,05 |
| ВКУПНО | 959.071.931 | 1.223.433.032 | 1.236.774.892 | 129 | 101 | 100 |

ТАБЕЛА 4/4К

## ПРЕГЛЕД
## МАТЕРИЈАЛИ И РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ НА АД ЕЛЕМ
## ПЕРИОД 1.1.2008 – 31.12.2008

| конто | ОПИС | остварено I-XII-2007 | планирано I-XII-2008 | остварено I-XII-2008 | Инд 5/3 | Инд 5/4 | % Учество |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 4000 | Потрошени суровини, материјали и полупроизводи | 6.106 | 6.470 | 834.800 | 13.672 | 12.903 | 0,09 |
| 4001 | Потрошен помошен материјал за изработка | 31.924.704 | 23.503.903 | 19.013.989 | 60 | 81 | 2,16 |
| 4002 | Потрошен материјал за тековно одржување на постојните средства | 104.790.244 | 103.245.071 | 106.235.634 | 101 | 103 | 12,05 |
| 4003 | Потрошен друг материјал чистење и одржување | 3.991.764 | 4.811.597 | 4.763.857 | 119 | 99 | 0,54 |
| 4004 | Потрошен канцелариски материјал | 8.486.841 | 7.399.549 | 8.086.107 | 95 | 109 | 0,92 |
| 4005 | Потрошен материјал за сопствени инвестиции | 3.415.182 | 2.650.000 | 2.694.285 | 79 | 102 | 0,31 |
| 4006 | Потрошен материјал за крш и растур до висина на дозволеното | 85.479 | 120.088 | 24.189 | 28 | 20 | 0,00 |
| 4007 | Потрошен материјал за подготвување на храна | 318 | 0 | 31.706 | 9.970 | 0 | 0,00 |
| 4008 | ХТЗ Опрема | 15.897.849 | 12.868.068 | 18.069.900 | 114 | 140 | 2,05 |
| 4040 | Потрошени резервни делови за сопствено производство | 15.033 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| 4041 | Потрошени резервни делови за тековно одржување | 592.033.736 | 531.786.086 | 657.921.658 | 111 | 124 | 74,64 |
| 4042 | Потрошени резервни делови за инвестицисko одржување | 54.789 | 102.752 | 200.895 | 367 | 196 | 0,02 |
| 4043 | Потрошени резервни делови за одржување на возен парк | 81.852.981 | 108.932.058 | 63.547.354 | 78 | 58 | 7,21 |
| 4049 | Потрошени резервни делови за други потреби | 4.834 | 0 | 10.462 | 216 | 0 | 0,00 |
| | ВКУПНО | 842.559.860 | 795.425.642 | 881.434.836 | 105 | 111 | 100 |



www.elem.com.mk